|  |  |  |  |  |  | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ѓоре + | Младен | Крсто + | Дафинка | Ѓоко | Јовица | |

xxx

|  |  |  |  | |
|---|---|---|---|---|
| Биљана | Маја | Ненад | Сања | |

# 14. Дардаљеej

**Дардаљеej е стар** род од Лешок, кој го слави **Св. Никола.** Овој род се преселуваат во Ѓорче Петров. Некаде пишува дека се дел од родот Мазаракooj, но, тоа не е точно утврдено. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148-157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 64 и Р. бр. 18, стр. 62 ).
Јас се сеќавам само на баба Тодеjца, а на дедо Тоде не се сеќавам, оти бил починат. Тие го посиниле Никола Ѕаков Стојковски од Џарлooj, кој бил братанец на баба Тодеjца. Се сеќавам до дворот течеше јазот до кој имаа преслатка мушмула. Никола со Гора имаат два сина: Диме и Тодор и ќерка Стојна, кои се презиваат Стојковски. Трите деца учеа во училиштето во Лешок. Јас малку се сеќавам на децата, оти се преселија во Ѓорче Петров во куќа карши киното.
На ден 16.01.2026, по телефон, Илија Петрушевски ми рече дека Стојна учела со него во Лешок. Јас не ги знам потомците на овој род, но, се распрашував. Голема благодарност до Атанас (Ацо) Стојановски, син на Благоја (Живко-Џарло) од Џарлooj, кој на 11 март 2026 год. ми кажа неколку имиња и податоци за Дардаљеej, а ми даде и тел. број на Коле, син на Златко. На 12 мај 2026 г. разговарав со Коле, кој ми даде телефон од мајка му Здравка, жена на Златко и од Роза, ќерка на Диме. Види, (Р. бр. 58 – Род Џарлooj ).
**Диме** има две ќерки Снежана и Роза. Роза со Коле од Сливово имаат син Милан и ќерка Марија. Марија има син Андреа и ќерка Ана. Снежана со Тихомир имаат два сина Александар и Димитар. Александар има син Тихомир и ќерка Нена.
**Тодор** со Кристина од Белојште имаат син Златко и ќерка Гордана. Златко со Здравка имаат ќерка Кристина и син Коле. Кристина со Илчо имаат син Тео и ќерка Ина. Гордана со Бобан имаат ќерка Симона и син Ненад.
**Стојна** со Мано од Егејска Македонија имаат син Вангел и ќерка Елена. Вангел има два сина Мано и Стефан, а Елена има две ќерки Марија и Тања.
На баба Тодеjца (Бисра) куќата им беше јужно под родот Праникooj-Мазаракooj и ја продадоа на Никола од родот **Коачooj** со синовите Митко и Трпко Анѓелковски од Варвара.
Во 2026 година, во оваа куќа живее Здравко Трпков Анѓелковски од Коачooj со синот Стефан и семејството. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 – 157 -ТОМ-1, Р. бр. 8, стр, 88-91 и Р. бр. 18, стр. 112-113 ).
Од Дардаљеej потекнува Тодор Диме Исовски роден 1883 год, учесник во Првата Балканска војна, во чета на Втората Велешка дружина ( Р. бр. 17, стр.18-21, Р. бр. 18, стр. 62 и Р. бр. 25, стр.187-188 ).

**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 37-39, 62, 71, 112-113 и 143-144, 196, 211, 223, 279-280 ), **Варвара, Дардаљеej, Ѓорче Петров, Коачоој, Мазаракоој, Праникоој, род, слава, Џарлоој,**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  | |
| Никола + | Гора + | Тодор + | Диме + | Розе | Златко | |

xxx

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  | |
| Милан | Здравка | Марија | Коле | Кристина | |

# 15. Ѓољакоој

**Ѓољакоој** е род во Лешок, домашна слава е **Св. Ѓорѓија**. куќата им под Костоо. Дедо Недељко од Ѓољакоој имаше куќа под Костоо до старата и разрушена црква Св. Харалампие и старите гробишта. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 83 - 85 и Р. бр. 18, стр. 71 ).
Јас сум слушал и го знам како род Ѓољакоој, односно дедо Недељко и неговите наследници ги викавме Ѓољакоој. Инаку, овој род во книгата Лешок од И. Петрушевски, може да се сретне или прочита и како Запрљееј, Кокоој и Цокелоој или Јанини, кои се доселени од Сетоле, а некаде пишува дека се доселени од родот Тримчееј од Варвара. Ова збунува дали се работи за еден или неколку родови. Би требало лицата од овој род точно да го утврдат нивното подалечно потекло и нивната родовска врска.
Јас го знам дедо **Недељко**, кој имаше 6 деца: Аце и Трпко и ќерки, Милица, Зора, Јелица и Загорка.
**Аце** ги имаше синот Јосиф и ќерката Олга. Јосиф Николовски со сопругата Љубица Јовановска од Тетово имаат две ќерки Александра и Анета. Олгица (Олга) Николовска м. Антевска со мажот Димче имаат ќерка Магдалена.
**Трпко** со Ротка од дедо Јане дојден од Брезно, имаат син Борче и ќерка Јованка.
**Милица** е најстара и мажена за Миле Спироски, син на поп Ѓиго и млада починува и го имаат синот Ратко. Ратко Глигоровски има два сина Зоран и Горан.
**Зора** со Крсто Ковачевски -Кунда од родот Коачоој имаат син Ѓоко и ќерка Васка. Ѓоко има син Јовица и ќерка Зорица.
**Јелица** со Томислав Ацевски -Шикла од Тетово имаат син Симеон и ќерка Маре.
**Загорка** е мажена во Отушиште и има ќерка Ане и син Миле. Ане има две ќерки Елена и Борка, а Миле има една ќерка Зара. Олгица Антовска, денес,20.10.2025 год. ми рече дека Загора е жива.
Во продолжение ќе се задржам само на неколку лица од овој род, кои подобро ги знам.
**Трпко** Николовски и жена му Ротка Атанасовска, беа учители во Вратница и се преселија во Новоселски пат. Трпко и Ротка имаат син Борче и ќерка Јованка. Борче има син Благоја и ќерка Благородна Ристовска, правник, а Јованка има син Бранко и ќерка Викторија Миовска. Бранко Миовски завршил Богословски факултет во Скопје и немам податоци каде работи.
**Ротка**(48) е ќерка на баба Евра(14) од родот Петкои од Непроштено и на дедо Јане од Брезно, кој дојде за домазет во Такароој и формира нова лоза Мишкалини во Лешок, бидејќи бил од родот Мишкалини од Брезно. Но, сакам да нагласам дека оваа лоза не ја знаеме како лоза под ова име,